




## Подетални информации за мерката

# 7.3 Поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти -даватели на услуги за грижа на заедницата

### Цел на мерката:

Поддршка за создавање на нови работни места преку отворање на нови правни субјекти-Здруженија на граѓани (идни даватели на социјални услуги) кои ќе обезбедуваат услуги на грижа во заедницата.

### Генерални информации

Мерката предвидува поддршка за формирање на правни субјекти преку формирање на Здруженија на граѓани кои што ќе се занимаваат со економска активност од областа на социјални услуги за да се развијат во даватели на услуги на грижа во заедницата за лица со попреченост, лица со најтешки хронични болести и долгорочно болни лица. Услугите кои ќе се испорачуваат од страна на новоформираните правни субјекти и ќе бидат усогласени со Законот за социјална заштита, и процедурите кои се утврдени или ќе се утврдат од страна на Министерството за труд и социјална политика.

### Преку мерката ќе се обезбедат услуги за помош и нега во домот и услуги во заедницата кои се однесуваат, но не се ограничуваат на:

- Услугите за одмена на семејна грижа преку која се обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив.
- Социјално-здравствени услуги со кои се обезбедува долготрајна грижа за болни лица преку која ќе се опфатат разни здравствени, здравствено поврзани и социјални услуги со коишто им се помага на лицата со функционални ограничувања поради физички, когнитивни или ментални состојби или попречености. Овие услуги опфаќаат помош при активности на секојдневно живеење (како што се јадење, капење и облекување) и инструментални активности на секојдневно живеење (како готвење, плаќање сметки и сл.) во подолг временски период, услуга на медицинска нега - медицински процедури и услуги кои налагаат присуство на специјализиран персонал и специјализирани услуги како физиотерапија, работна терапија.

Мерката ќе овозможи поддршка за новоформираните правни субјекти, како и за лицата кои ќе го остварат своето вработување во новоформираните правни субјекти. Поддршката преку мерката опфаќа:

- Советодавна експертска поддршка при формирање на нов правен субјект-Здруженија на граѓани кои што ќе се занимаваат со економска активност од областа на социјални услуги за да се развијат во даватели на услуги на грижа во заедницата за лица со попреченост и лица со хронична болест.
- Обука за претприемништво и деловно планирање за невработени лица кои пројавуваат интерес за формирање на правен субјект за давање на услуги во заедницата и услуги за помош и нега во домот.
- Обука за испорачување на социјални услуги во рамки на системот за социјална заштита согласно Законот за социјална заштита и други подзаконски акти за невработени лица кои пројавуваат интерес за формирање на правен субјект за давање на услуги во заедницата и услуги за помош и нега во домот.
- Советодавна експертска поддршка за мапирање на потребите од услуги на грижа во локалната заедницата. Оваа советодавна услуга ќе биде насочена кон зајакнување на вештините на работодавачите (претприемачите) за идентификација на потенцијални корисници и за осознавање на потребите на локалната заедница при што главен фокус ќе биде воспоставувањето на партнерските односи со вработените на локалната самоуправа (општината) и другите локални институции и организации од областа социјална и здравствената заштита и воспоставување мрежа за поддршка на крајните корисници.
- Поддршка за изработка до 15 бизнис планови од успешно селектираните бизнис идеи.
- Обезбедување на грант за 10 успешно селектирани бизнис планови кои ќе регистрираат правен субјект-Здружение на граѓани кое ќе делува во областа на социјална заштита и испорачување на услуги за помош и нега во домот и услуги во заедницата. Износот на грантот е предвидено да биде 307.500 денари.
- Поддршка преку испорачување на стручни обуки за невработените лица кои по стекнување на сертификат за успешно завршена обука ќе се вработат во правниот субјект како директни даватели на услуги за помош и нега во заедницата согласно потребите на правниот субјект, односно крајните корисници. За потребите на правните субјекти (давателите на услуги) се планира обучување на 60 невработени лица и развивање на мрежа од умешни и квалификувани асистенти за нега и грижа, негуватели и стручни лица.
- Субвенционирање на вработување на лицето во улога на управител во правниот субјект и субвенција на дополнителни вработувања во правните субјекти до најмногу 50 невработени лица во рамките на мерката, по основ на месечна бруто плата во висина од 29.180 денари за период од 10 месеци.
- Во еден правен субјект може да се субвенционираат максимум до 6 лица, преку обезбедена субвенција на плата за реализираното самовработување за позиција менаџер/управител на правен субјект/Здружение на граѓани во делот на економската активност поддржана од мерката и до 5 субвенционирани вработувања за лицата со соодветен документ (сертификат) за даватели на услугите во заедницата и услуги за помош и нега во домот. Доколку е потребен поголем број на даватели на услуга во заедницата согласно мапираните потреби на локално ниво, за истото одлучува Работната група.
- Еднократен износ до 3.500 денари по краен корисник за правниот субјект/Здружение на граѓани за покривање на оперативните трошоци и трошоци за управување.

- Менторска/советодавна поддршка за вработените даватели на услуга. Оваа услуга (индивидуална или во група) ќе ја обезбедат ангажирани стручни лица - експерти од областа на социјални услуги.
- Менторска/советодавна поддршка за правен субјект/Здружение на граѓани, односно нововработеното лице одговорно за управување и водење на деловната активност на субјектот – давател на услуга и поддршка на процесот за склучување на управен договор со надлежна институција.

**#ШансаЗаСите**

За повеќе информации, лица за контакт –
Зерина Рамиќевиќ (zerina.ramikevik@undp.org);
Викторија Нешковска Каракотева (viktorija.neshkovska@undp.org)

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

UNDP